Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 12/0306
29.01 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 декември 2023 година, врз основа на примена жалба од Ивана Гулин ",го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов „ОБНОВЕНА ВЕСТ: Не е точно дека Вања е пронајдена – демант од МВР", објавен од порталот „Курир.мк" 24.11.2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членовите 1 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 29 ноември 2023 година, од Ивана Гулин е поднесена жалба за текст на онлајн порталот „Курир.мк“ со наслов: „ОБНОВЕНА ВЕСТ: Не е точно дека Вања е пронајдена – демант од МВР“, објавен на 24 ноември  2023 година .

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршување на Кодексот на новинарите по основ на неточно и нефер известување и незастапена втора страна.

Дополнително, жалителката истакнува дека објавената оспорена содржина (вест), е лажна и претставува пласирање на неточна информација со цел интернет порталот да обезбеди повеќе кликови, без при тоа да има официјална потврда од надлежните институции за објавената информација.

**ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот Курир.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

До денот на одржување на седницата на Комисијата порталот не достави одговор.

**МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ**

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и <u>едногласно</u> одлучи дека во текстот се прекршени членовите 1 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.

> Член 1: *Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*
>
> *Член 8: Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2   1000 Скопје

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595

*ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 25 декември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителката и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата едногласно одлучи дека во објавата е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, поради следните причини:

Порталот „Курир.мк" во текстот со наслов „ОБНОВЕНА ВЕСТ: Не е точно дека Вања е пронајдена – демант од МВР", признава дека претходно објавил неточна вест потпирајќи се „на свои извори", па во обновената информација вклучува демант од Министерството за внатрешни работи. Ова во некои случаи би било доволно за да не се констатира прекршување на етичките норми при известувањето во онлајн медиум, но бидејќи случајот со исчезнатата тинејџерка Вања (подоцна констатирано дека е убиена) длабоко ја вознемири јавноста во земјата, секое непроверено и сензационалистичко известување Комисијата го смета за неодговорно и сензационалистичко новинарство со што дополнително се вознемирува семејството на жртвата и пошироката јавност.

Сите членови на Комисијата сметаат дека во оспорениот текст е прекршен и член 8 од Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за известување на онлајн медиумите каде што се наведува:

> *8.1.При известувањето за несреќи, природни катастрофи, епидемии, насилен екстремизам и тероризам, онлајн медиумите ќе бидат исклучително внимателни и ќе избегнуваат објавување сензационалистички наслови и непроверени информации, водејќи сметка да не создаваат дополнително вознемирување и паника во јавноста. "*

Се работи за сензационалистички пристап на Курир.мк кој не е дозволен особено кога се работи за ситуации што предизвикуваат силни емоции во јавноста и даваат лажна надеж на семејството на жртвата, што траело до објавување на демантот од МВР.

***

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595